**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто триесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 април 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да седната на своите места.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благородна Мингова-Крепиева, Иван Стоиљковиќ, Томе Тромбев, Рафет Муминовиќ, Слободан Најдовски, Љупчо Мешков, Зоран Крстевски, Ристана Лалчевска, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Силвана Бонева, Али Ахмети, Фазли Велиу, Назми Беќири, Теута Арифи, Абдулади Адеми, Семијал Хасани, Мендух Тачи и Марјан Ѓорчев ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Колку картички има подигнато?

Бидејќи има 54 подигнати картички, а и јас имам средба со Привремениот комитет на Европската унија, објавувам пауза, се надевам дека ќе завршам до 11,30 часот, ако не кога ќе завршам.

Пауза до 11,30 часот.

По паузата седницата продолжи со работа во 11,31 часот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Нема доволен број).

Уште еднаш службите да го утврдат бројот.

Благодарам сега се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието може да одлучува, бидејќи присуствуваат мнозинство пратеници.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Основниот суд во Гевгелија, заменикот на претседателот на Советот за радиодифузија.

Записниците од 124-та, 130-та, 131-та, 132-та и 133-та седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од 124-та, 130-та, 131-та, 132-та и 133-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за пристапување на Република Македонија кон Централноевропскиот Договор за слободна трговија (ЦЕФТА), со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Дали има претставник на Владата да ја образложи потребата Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Со оглед на тоа што на дневен ред на оваа седница се наоѓаат навистина многу значајни закони, сите имаат приоритет и поради тоа што се распишани изборите, а поради важноста на прашањата, сметаме дека треба да биде и оваа точка на дневниот ред.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот да се донесе во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни гласале 55 од кои 53 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за основање на енергетската заедница, со Предлог на закон Собраните да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** И за ова прашање од истите причини поради важноста на прашањето, а и поради тоа што се распишани изборите, истите овие прашања сметаме дека можат да се расправаат на оваа седница.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот да се донесе во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 66 пратеника гласале 51 од кои 51 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлга по итна постапка на оваа седница да се донесе

Законот за изменување и дополнување на Законот за државната помош.

Предлогот на Владата ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Поради важноста да се донесат овие измени сметаме дека треба да бидат точка на дневниот ред.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни гласале 53 од кои 49 за, 2 воздржани, 2 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата.

Предлогот на Владата ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор госпоѓа Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Потребно е да се направат измени и во Законот за конкуренцијата и од тие причини сметаме дека треба да биде точка на дневниот ред.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 66 присутни гласале 52 од кои 49 за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе законот за поттикнување на вработувањето.

Предлогот на Владата Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Од истите причини што веќе ги спомнав, токму затоа на оваа седница се сконцентрирани многу важни прашања кои не можеа претходно да бидат теми на дневниот ред, токму така сметаме дека и ова прашање треба да биде дел од дневниот ред на оваа седница.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 66 пратеника гласале 59 од кои 49 за, 1 воздржан, 9 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

Предлогот на Владата ви е поделено.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итноста на овој закон.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Овој закон изминатиот период имаше измени и дополнувања, но неговата примена предизвика потреба од нови измени и токму затоа на денешната седница сметаме дека треба да биде и оваа точка на дневен ред за да може да има конзистентен систем на примена на законот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни гласале 54 од кои 49 за, 3 воздржани, 2 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Законодавно-правната комисија предлага на оваа седница да се разгледа Барањето за давање автентично толкување на одредбите на членовите 55, 56 и 58 од Законот за домување, поднесено од пратениците Иван Анастасовски и Јусуф Арифи; Барањето за давање автентично толкување на член 39, а во врска со член 30 од Законот за стечај, поднесено од пратеникот Јанаќе Витановски и Барањто за давање автентично толкување на член 104 став 2 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Славе Арсовски.

Заради рационалност претседателот на Законодавно-правната комисија ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Законодавно-правната комисија да ја образложи основната и неодложна потреба овие барања за давање на автентични толккувања да бидат разлгедани на оваа седница.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе,

согласно член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлагам барањата и тоа за давање на автентично толкување на членот 104 став 2 од Законот за работните односи поднесено од пратеникот Слава Арсовски, Барањето за давање на автентичното толкување на член 39, а во врска сочленот 30 од Законот за стечај поднесено од пратеникот Јанаќе Витановски и Барањето за давање на автентично толкување на одредбите на членовите 55, 56 и 58 од Законот за домување,

поднесено од пратениците Иван Анастасовски и Јусуф Арифи, заедно со извештаите на Законодавно-правната комисија да биде ставени како точка на дневен ред на оваа седница, итноста ја обазлагам од причини што може да се случи во практична примена поради дилемата околу овие одредби различно толкување и различна практична примена на овие одредби.

Затоа барам на оваа седница да бидат разгледани овие барања за автентични толкувања.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата Барањето за давање автентично толкување на одредбите на членовите 55, 56 и 58 од Законот за домување, поднесено од пратениците Иван Анастасовски и Јусуф Арифи да биде разгледано на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни гласале 54 пратеници, 51 за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата за Барањето за давање автентично толкување на член 39, а во врска со члерн 30 од Законот за стечај поднесено од пратеникот Јанаќе Витановски да биде разгледано на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници, 49 гласале, 48 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Барањето за давање автентично толклување на член 104 став 2 од Законот за работните односи поднесено од пратеникот Славе Арсовски да биде разгледано на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници, 50 гласале, 48 за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за Финансирање и буџет, согласно член 128 од Деловникот на Собранието, му предлага на Собранието да го одложи претресувањето на Предлогот за донесување на закон за задолжување на Акционерското друштво за производство на електрична енергија "Електрани" на Македонија, во државна сопственост, Скопје кај "Кредитната банка за обнова" од Франкфурт на Мајна СР Германија, за набавка на опрема за површинскиот коп на јаглен Брод Гнеотино од фирмата "МАН Такраф Фердертехник" Гмбх од Лајпциг СР Германија, со Предлог на закон од причините содржани во Извештајот на Комисијата.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, 57 гласале, 15 за, 1 воздржани, 41 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата не е усвоен.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 2006 година го донесе Законот за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Дописот на Претседателот на Република Македонија со кој известува дека донел Одлука да не го потпишува Указот за прогласување на законот, ви е доставен.

Согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија и член 179 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието повторно го разгледува Законот во рок од 30 дена од денот на донесувањето.

Предлагам Собранието повторно да го разгледа овој закон на оваа седница.

Предлогот го став на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници, 56 гласале, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1.Предлог за именување претседател, заменик на претседателот и членови на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

2.Предлог за именување членови на Советот на Народната банка на Република Македонија.

3.Предлог за именување на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Свети Николе и Тетово.

4.Предлог за именување на заменици на јавните обвинители на основните јавни обвинителства во Куманово, Охрид, Скопје и Штип.

5.Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Гевгелија.

6.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Романија за социјално осигурување, со Предлог на закон.

7.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Франција за соработка од областа на внатрешната безбедност, со Предлог на закон.

8.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за екстрадиција, со Предлог на закон.

9.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за меѓусебно и звршување на судските одлуки во кривичните предмети, со Предлог на закон.

10.Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на нематеријалното културно наследство, со Предлог на закон.

11.Предлог за донесување на закон за задолжување на Акционерското друштво за производство на електрична енергија "Електрани" на Македонија, во државна сопственост, Скопје кај "Кредитната банка за обнова" од Франкфурт на Мајна СР Германија, за набавка на опрема за површинскиот коп на јаглен Брод Гнеотино од фирмата "МАН Такраф Фердертехник" Гмбх од Лајпциг СР Германија, со Предлог на закон.

12.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за пристапување на Република Македонија кон Централноевропскиот Договор за слободна трговија (ЦЕФТА), со Предлог на закон.

13.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за основање на енергетската заедница, со Предлог на закон.

14.Предлог на закон за судовите.

15.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог на закон.

16.Предлог на закон за управните спорови .

17.Предлог на закон за прекршоците.

18.Предлог за донесување на закон за медијација, со Предлог на закон.

19.Предлог на закон за Судскиот совет на Република Македонија.

20.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура, со Предлог на закон.

21.Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот законик, со Предлог на закон.

22.Предлог на закон за енергетика.

23.Предлог на закон за поттикнување на вработувањето.

24.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државната помош.

25.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата.

26.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

27.Предлог за донесување на закон за забрана на развивање производство, складирање и употреба на хемиски оружја, со Предлог на закон.

28.Предлог на закон за надзор на државната граница.

29.Предлог на закон за стручно образование и обука.

30.Предлог за донесување на закон за високо образование.

31.Предлог на закон за санитарната и здравствената инспекција.

32.Предлог за донесување на закон за ментално здравје, со Предлог на закон.

33.Закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

34.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон.

35.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, со Предлог на закон.

36.Барање за давање автентично толкување на одредбите на членовите 55, 56 и 58 од Законот за домување, поднесено од пратениците Иван Анастасовски и Јусуф Арифи.

37.Барање за давање автентично толкување на член 39, а во врска со член 30 од Законот за стечај, поднесено од пратеникот Јанаќе Витановски.

38.Барање за давање автентично толкување на член 104 став 2 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Славе Арсовски.

39.Финансиски план за Советот за радиодифузија за 2006 година.

40.Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување, или дополнување на дневниот ред?

**Марија Којзеклсика:** Благодарам претседателе. Дневниот ред има 40 точки. Не успеав да ве следам. Меѓутоа мојот предлог е следниот. Точката 11 што ја читавте Предлогот за донесување на закон за задолжување, на нејзино место да биде нашиот предлог за дополнување.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, крај на мандат е, вие сте многу присутни овде и не научивте дека тоа што го барате ќе биде после откако ќе го утврдиме дневниот ред.

**Марија Којзеклсика:** Што смета и сега?

**Љупчо Јордановски:** Не смета, само не е деловнички, не е процедурално. Затоа ќе ви дадам збор откако ќе прашам дали имате додатни точки на дневен ред, или сакате нешто да се симне?

**Марија Којзеклсика:** Значи, тогаш ќе барам после утврдувањето на дневниот ред промена на редоследот.

**Љупчо Јордановски:** Предложениот дневен ред го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 58 за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, сега вашиот предлог за измена на редоследот на точките.

**Марија Којзеклсика:** Благодарам претседателе. Значи, барам точката Предлог на закон за

дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување да биде точка 11 од предложениот дневен ред.

Со оглед на тоа дека се однесува за правата на стечајците и правото на пензија, а луѓево се пред Собрание и штрајкуваат за своите права, значи после сите оние именувања и разрешувања кои ги имаме и ратификации, прва наредна точка за која ќе расправа ова Собрание редно е да биде Законот за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

**Љупчо Јордановски:** Сакате да кажете дека Законот кој што втор пат треба да го гледа и гласа Собранието што не е потпишан од Претседателот, да биде точка 11.

Вашиот предлог го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници гласале 49, 16 пратеници гласале за, 1 воздржан, 32 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Јас имам два предлога. Меѓутоа, сега ќе го кажам едниот, а после гласањето и другиот. Мој предлог е точка 21 Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот закон, со Предлог на закон да биде точка 14, поточно да дојде пред Предлогот на закон за судовите. Барањето е затоа што овој закон не е сложен и има логика да се разгледа пред судските закони кои што ја диктираат реформата. И плус тука е укинување на казна затвор за новинарите и т.н.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот точката 21 да биде точка 14 го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници, 53 гласале, 11 за, нема воздржани, 42 против.

Предлогот не е прифатен.

Да го чуеме вториот предлог, господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Вториот предлог, господине претседателе, значи како претседател на Комисијата за финансирање и буџет должен сум, бидејќи така е договорено на Комисијата, точката 11, да не ја читам, бидејки насловот е многу долг, значи точката 11 да биде последна точка. А ќе образложам и зошто. Сите членови на Комисијата едногласно заклучија и тој заклучок е поделен на пратениците оваа точка да биде последна за да има време Комисијата за финансирање и буџет уште еднаш да заседава, таков е и заклучокот, за да и предлагачите, поточно Владата на Република Македонија, но и претставниците на "Електрани" на Македонија да дојдат и уште еднаш да ја објаснат потребата од овој закон, затоа што очигледно ставот на Комисијата за финансирање и буџет беше негативен во однос на овој закон.

Од тие причини за да имаме време да заседава уште еднаш Комисијата и да ги испегламе ставовите и пратениците со предлагачот, предлагам од името на Комисијата точката 11 да биде последна точка.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот точката 11 да биде последна точка, го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник, валидно е гласањето. Вкупно гласале 55 пратеници, 14 за, нема воздржани, 41 против.

Предлогот не е усвоен.

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Предлагам предложената точка 40 во врска со Законот за Претседател, да биде прва точка додека мнозинството е сеуште во роденденско расположение, па да видиме дали ќе го израдувате народот што е надвор или ќе го израдувате Претседателот на Републиката.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот точката 40 да биде прва точка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

51 пратеник гласале, 12 за, нема воздржани, 39 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**Жарко Караџоски:** Се јавувам процедурално.

Бидејки ниту еден предлог кој што го предложивме како пратеничка група од овие измени на редоследот на дневниот ред, а со оглед да бевме припремани дека парламентарното мнозинство ќе има слух, особено за Законот за стечајните работници, па и овие другите кои што ги предложивме, од името на пратеничката група барам еден час пауза за да изградиме став како понатаму.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, претседателот на Собранието имаше слух тоа да го стави сега. Инаку по Деловникот претседателот на Собранието можеше да го стави на дневен ред за месец дена. Тоа зависи исклучиво од претседателот на Собранието. Такви закони кои што не се потпишани се враќаат. А Деловнички пишува месец дена. Претседателот на Собранието има слух во врска со тоа. Па вие сега велите дека некој нема слух.

Објавувам пауза од еден час.

Ќе продолжиме со работа во 13,15 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,16 часот).

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени во врска со редоследот,тука го затвараме делот околу дефинирањето на редоследот на дневниот ред и она што е прочитано тоа е дневниот ред по кој ќе работиме.

Значи расправата околу дневниот ред е затворена.

Ги молам службите да го испечатат дневниот ред и да го поделат на пратениците.

**Минуваме на точка 1-Предлог за именување претседател, заменик на претседателот и членови на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Јанко Николовски да биде именуван за претседател на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот Јанко Николовски да биде именуван за претседател на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник 49 гласале, 46 за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Јанко Николовски е именуван за претседател на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Отворам претрес по предлогот Хајрула Мисини да биде именуван за заменик на претседателот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот Хајрула Мисини да биде именува за заменик на претседателот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратении, 53 гласале, 50 за, 1 воздржан, 2 против.

Констатирам дека Хајрула Мисими е именуван за заменик на претседателот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Отворам претрес по предлогот Жанета Трајковска да биде именувана за член на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Жанета Трајковска да биде именувана за член на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 54 гласале, 50 за, 2 воздржани, 2 против.

Констатирам дека Жанета Трајковска е именувана за член на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Отворам претрес по предлогот Љубица Станојовска да биде именувана за член на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Љубица Станојовска да биде именувана за член на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 41 гласале, 38 за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Љубица Станојовска не е именувана за член на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Согласно член 94 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, барам поименично изјаснување заради точно утврдување на резултатот, бидејќи резултатот е 5 гласа повеќе или помалку од она што е потребно за донесување.

**Љупчо Јордановски:** Јас се согласувам, тоа е деловнички, но во секој случај јас апелирам до пратениците ако имаат нешто против да гласаат против, а ако се за, да гласаат за. Сега за џабе ќе потрошиме време и тоа е некоректно од вас спрема човекот кој го гласаме овде. Гласајте против ако сметате дека не треба.

Заменик секретарот на Собранието госпоѓа Рокса Георгиевска излегува на говорница за да се изврши поединечно гласање.

Ве молам, како што ми забележувате дека влегуваат пратеници откако почнало гласањето, сега гледам дека излегуваат пратеници. Ги молам пратениците да не излегуваат од салата. Повелете, госпоѓа Георгиевска почнете со читањето.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ - отсутен

РАФИС АЛИТИ - за

ИВАН АНАСТАСОВСКИ - за

СТОЈАН АНДОВ - отсутен

АНА АНДОВА - за

БОРКО АНЃЕЛКОСКИ - за

ПЕТАР АПОСТОЛОВ - за

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ - за

ЈУСУФ АРИФИ - отсутен
ТЕУТА АРИФИ - за
СЛАВЕ АРСОСКИ - отсутен
ФАТМИР АСАНИ- отсутен
АЛИ АХМЕТИ - отсутен
ЉУПЧО БАЛКОСКИ - воздржан
НАЗМИ БЕЌИРИ - отсутен
НАТАША БИКОВСКА - за
РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ - за
САШО БОГЛДАНОВСКИ - отсутен
СИЛВАНА БОНЕВА - отсутна
ВЕСНА БОРОЗАН - отсутна
ЉУБЕ БОШКОВСКИ - отсутен
АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ - отсутен
ФАЗЛИ ВЕЛИУ - отсутен
ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ - за
ЦВЕТАНКА ГАШОСКА - за
ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ - отсутен
МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ - отсутен
БЛАГОЈА ГЕШОСКИ - за
